ДРЖАВНА МАТУРА

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

ШИФРА НА КАНДИДАТОТ

ЗАЛЕПИ ТУКА

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

**Време за решавање: 180 минути**

**август 2014 година**

**Шифра на ПРВИОТ оценувач**

**Запиши тука:**

**Шифра на ВТОРИОТ оценувач**

**ЗАЛЕПИ ТУКА**

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

## УПАТСТВО ЗА КАНДИДАТОТ

Внимателно прочитај го упатството. Не испуштај ништо.
Залепи ја едната шифра на означеното место на тестот (**„Шифра на кандидатот“**), а другата шифра на означеното место на **листот за одговори**.
**Не врти страници** и не почнувај со решавање на задачите сè додека не ти каже надгледувачот.
Тестот содржи задачи.
На задачите се одговара на еден од следните начини:
- со дополнување;
- со подвлекување делови во приложените текстови (зборови, група зборови, реченици, пасуси).

Внимавај на јазикот и на правописот во одговорите. **Пишувај читливо.** Нечитливите одговори и нејасните поправки се вреднуваат со нула (0) поени.
**И во тестот и во листот за одговори пишувај исклучиво со пенкало и со кирилско ракописно писмо.** Одговорите на задачите напишани со молив се вреднуваат со нула (0) поени.
Препишувањето е најстрого забрането. Сите идентични или слични текстови, како и текстовите испишани со различни ракописи се вреднуваат со нула (0) поени.
Покрај секоја задача е даден бројот на поените за точниот одговор.
За делот Пишување предвидено е да напишеш еден текст на тема по твој избор. Тестаторот ќе ти даде дополнителен лист на кој се напишани предложените теми и упатствата на задачата според кои треба да пишуваш.
**Ти посакуваме многу успех!**

© ДИЦ 2014

*ПРАЗНА СТРАНИЦА*

**1** **Внимателно прочитај го извадокот и одговори на поставените барања.**

На средина од мојот живот земен
вистинскиот го изгубив јас пат:
се најдов в шума сам, сред густеж темен.

А таа шума, дива, чуден кат
- што да речам? - во трње. в буеж сета,
сред срце раѓа спомен, страв и лад.

Погорчлива одвај е смртта клета!
Но за блаженството што сум го пил,
ќе раскажам за сè што таму сретнав.

Подножјето штом почнав да го сечам,
во срцето го сетив стравот сал,
и пред да почнам по рид да се влечам.

Јас кренав поглед. Видов: сонце-ал
огреало во таа рана зора
врз плеќите на ридот стрмен мал.

(1.1) **Кое е алегориското значење на шумата во која заскитал јунакот?**

________________________________________

1 поен

(1.2) **Строфата во којашто е напишано делото, според бројот на стиховите е:**

________________________________________

1 поен

(1.3) **Придружник на јунакот на патувањето е:**

________________________________________

1 поен

(1.4) **Каде сака да стигне јунакот заедно со својот придружник?**

________________________________________

1 поен

(1.5) **„*Пеколот*“ жанровски е определен како:**

________________________________________

1 поен

(1.6) **„*Пеколот*“ во делото е претставен со ____________________ круга.**

1 поен

(1.7) **„*Пеколот*“ претставува дел од трилогијата:**

________________________________________

1 поен

(1.8) **На кој период од развојот на книжевноста со сопственото творештво е предвесник Данте Алигиери?**

________________________________________

1 поен

**2** **Прочитај го извадокот од делото „*Улица*“ од Славко Јаневски и одговори на прашањата.**

**А.**

Заедно со последното ѕвоно влезе професорот по историја и српски потсмевнувајќи се нешто сам за себе. Малата глава му се нишаше на долгото вратче стегнато до болка во тврда јака. На сивото лице, мазно и рамно како порцеланска чинија, победнички се прчеше голем, розов нос. Долго го прелистуваше школскиот дневник наслушувајќи го нашето преместување од нога на нога. Најпосле ја дигна главата и кивна дланки, удри со поткованите петици по дрвениот под. Се смири со олеснување.

- Седнете, придавки.

**Б.**

Од дворот на гимназијата, најпрво тивко, а потоа се посилно, долета врева и нејасни гласови. Професорот молкна и ја накриви главата на една страна. Наслушуваше. Очите му светнаа. Се издолжи и се доближи до прозорецот, Без да трепне, влезе службителот и застана мирно. Гласник од боиште, ништо друго.

- Господине Поповиќ, осми и седми клас: штрајк. Господинот директор: професорски совет. Веднаш...

Професорот зачудено погледна во неизбриеното војничко смело лице. И го грабна дневикот.

**В.**

Првиот час заврши без учење. Очекувавме дека и другите ќе поминат вака, но Поповиќ неочекувано се појави. Беше мирен и студен како белутрак, со полуотворена уста во која се наѕираше светкава модрина. Иако долгите прсти немирно му се тресеа, тој се трудеше да биде спокен и весел. Дури и се смеуреше.

- Придавки, историјата се повторува. Херкул исчистил две училишни штали. Седми и осми клас, веќе не постојат. Се откажале мајчините галеничиња од српски, француски, алгебра. Од ум, познато е - секое јунче станува бик. Не ви препорачувам да учите од осми клас.

Не разбрав многу од сето ова. Кога заврши и последниот час, шумно излеговме. Учениците-штрајкувачи стоеја пред гимназијата весело расправајќи анегдоти за професорите. Зееја и се клештеа.

(2.1) Со каква раскажувачка техника се служи раскажувачот во изводокот А?

______________________________________________

1 поен

(2.2) Како е претставен професорот по српски и историја во изводокот А?

______________________________________________

1 поен

(2.3) Како учениците го доживувале училиштето според изводокот Б?

______________________________________________

1 поен

(2.4) Во кој период се одвива дејството во изводокот В?

______________________________________________

1 поен

(2.5) Коментарот на раскажувачот во реченицата: „*Беше мирен и студен како белутрак*“ е заснован на употреба на стилската фигура:

______________________________________________

1 поен

(2.6) Во кој книжевен жанр се вбројува делото „*Улица*“?

______________________________________________

1 поен

(2.7) Насловот на првиот македонски роман е:

______________________________________________

1 поен

(2.8) Славко Јаневски е претставник на ____________________ фаза од развојот на модерната македонска литература.

1 поен

**3** **Одговори во кој збор на реченицата: _Отсекаде се чуја плачови и пискот силен_, може да се забележи појавата едначење на согласките по звучност.**

1 поен

______________________________

**4** **Одговори во кој збор на реченицата: _Постоеше страв и некоја закана_, се среќава гласовната појава обезвучување на звучните согласки на крајот од зборот.**

1 поен

______________________________

**5** **Во реченицата: _Јас горам како запален бор во планина среде ноќ_, описна придавка е зборот:**

1 поен

______________________________

**6** **Напиши го точно зборот кој е погрешно напишан во реченицата:**

1 поен

*Многу Скопјани секоја година летуваат на Охридското Езеро.*

______________________________

**7** **Запиши го антонимот на зборот _напад_.**

1 поен

______________________________

**8** **Одовори кое е значењето на фразеолошкиот израз: _му заби нож во грб_.**

1 поен

______________________________

**9** **Запиши го точно зборот кој е погрешно напишан во реченицата:**

*Денес во „Утрински Весник“ прочитав убедлив коментар за филмот „Трето полувреме“.*

_______________________________________

1 поен

**10**

**Кратовскиот говор припаѓа на ______________________________ македонско наречје.**

1 поен

**11** **По однос на местото, акцентот во македонскиот јазик кај трисложните и повеќесложните зборови паѓа на:**

_______________________________________

1 поен

**12** **Напиши ја глаголската именка од глаголот *уchi*.**

_______________________________________

1 поен

**13** **Во македонскиот јазик освен петте вокали, слоговна функција може да врши и:**

_______________________________________

1 поен

**14** **Каква зависносложена реченица е следнава:**

*Многу беше загрижена зашто не знаеше што ќе се случи.*

_______________________________________

1 поен

**15** **Глаголот во заградата стави го во идно прекажано време:**

*Асистентот (дојде) утре на работа.*

_______________________________________

1 поен

**16** **Тестаторот ќе ти даде дополнителен лист на кој се дадени две теми. Избери <u>една тема</u> и:**

13 поени

- напиши текст од 350 до 500 збора;
- почитувај ги правилата за композицијата на текстот (воведен дел, главен дел и заклучок);
- почитувај ги правилата на стандардниот јазик;
- мислите искажи ги јасно и поврзано со употреба на факти и аргументи;
- употреби соодветна лексика и стил во согласност со видот на текстот кој го пишуваш.

| јазик | |
| --- | --- |
| 1 | 2 |
| композиција на текстот | |
| 1 | 2 |
| содржина | |
| 1 | 2 |

**17** **Внимателно прочитај го текстот и одговори на прашањата**

**ВИРТУЕЛНАТА ЗАВИСНОСТ КАЈ МЛАДИТЕ**

Со развојот на технологијата сè повеќе се наметнува потребата од користење на компјутерите не исклучувајќи ги и најмладите. За нив тоа е образование и забава која често може да премине и во зависност. Родителите, пак, често ги измачува дилемата дали и колку да им дадат дозвола во таа занимација.

Психолозите велат дека зависност постои доколку детето поминува редовно повеќе од четири часа дневно на компјутер, но за среќа таквата зависност опфаќа не повеќе од три проценти од корисниците. Личноста на ваквите зависници има некои специфични карактеристики.

Знаци на виртуелна зависност кај детето:

- избегнува на секој можен начин да ја извршува домашната работа и слободното време го поминува со компјутерот;
- компјутерот му е поважен од дружењето со врсниците, а и со родителите;
- нема омилена книга, нема друга забава освен компјутерот;
- времето кое го поминува но компјутер го надминува времето кое го троши на другите активности (учење, шетање, дружење);
- забраната за играње игри на компјутер предизвикува протест, плачење, вришкање, дури и агресија.

Најчесто склони на ваква зависност се затворените и отуѓените лица. Несигурни се, лесно се вознемируваат и очајуваат поради најмалиот неуспех. Освен тоа, тие обично се и непријателски расположени, покажуваат скриена или нескриена нетрпеливост кон околината и од неа се често незадоволни. На адолесцентите кои се зависници од Интернет повеќе им е потребна емоционална поддршка одошто на оние кои не се во оваа т.н. ризична група. Всушност, тие во реалниот живот не ни наоѓаат пријател или другар кој ќе може да ги ислуша или едноставно само да помине време со нив, а на Интернет е многу полесно да се добие поддршката и да се сподели со некој непознат сè она што ги измачува.

**Кои се причините за ваквата зависност?**

Главната причина е секако прифаќањето на Интернетот како средина која може да пружи емоционална поддршка. Некои деца неа не успеваат да ја стекнат меѓу своите врсници. Интернет адолесцентните зависници не умеат да зборуваат за своите чувства. За ова често е виновно семејството. Во оние семејства каде родителите се премногу зафатени со работа и ретко се дома, владеат неискрени формални односи. Таквите родители немаат време да го сослушаат своето дете, ни да му го дадат потребното внимание. Детето почнува да се чувствува занемарено, а оттука следува во подоцните години тоа дете да не успева да воспоставува подлабоки пријателски односи со врсниците. За него Интернетот претставува единствена можност да воспостави блиски контакти и да биде сфатено од некого.

Другата причина за Интернет зависност е поврзана со желбата да се „побегне“ од родителите, школото, околината... Децата зависници се чувствителни на социјалната организација: во ситуации кога е потребно да се придржуваат кон строги правила, тие доживуваат голем стрес. Губат ориентација и не знаат што сакаат. Интернетот им овозможува да ги исклучат внатрешните кочници. Адолесцентите живеат во секојдневно исчекување дека ќе наидат на нешто за што долго мечтаеле. Освен тоа на Интернет без проблем може да се биде некој друг, некој кој не е срамежлив и повлечен, и во тој друг свет е лесно да се стекнат виртуелни пријателства.

**Правила за безбедност**

Психолозите велат дека постојат одредени мерки со кои би се спречило формирањето на ваква зависност: договорете се со детето колку време смее да поминува пред компјутер; наместо пред компјутер одведете го во кино, во парк, на ролање, лизгање или едноставно само на прошетка; воведете правило дека за викенд нема седење пред компјутер; исто така воведете и казни за непослушност и непочитување на она за што сте се договориле. За жал, ваквите мерки не им помагаат на адолесцентите кои патат од поодмината психолошка зависност од компјутерот, бидејќи се желни за самоконтрола која кај нив е слабо развиена. Многу поефикасен е комплексниот пристап, што подразбира стручна помош од психолог и, секако, срдечна поддршка и соработка од семејството.

**(17.1) Со која дилема, поврзана со нивните деца, се соочуваат родителите во ова време на развиена технологија?**

1 поен

**(17.2) Според психолозите, кој е показателот дека кај детето постои виртуелна зависност?**

1 поен

**(17.3) Што може да предизвика забраната за играње игри на компјутер кај децата со виртуелна зависност?**

1 поен

**(17.4) Што им е потребно повеќе на адолесцентите кои се зависници од Интернет отколку на оние адолесценти кои не се во оваа ризична група?**

1 поен

**(17.5) Која е главната причина за појава на виртуелната зависност?**

1 поен

**(17.6) Во кои семејства владеат неискрени, формални односи?**

1 поен

**(17.7) Што се подразбира под покомплексен пристап во третирањето на виртуелната зависност?**

1 поен

**(17.8) Колкав е процентот на корисници на компјутери кои се виртуелни зависници?**

1 поен

*ПРАЗНА СТРАНИЦА*